РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1187/1
13-03-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 09-3076/1 од 25.11.2025 година, СЕ ОТФРЛА, поради тоа што во истата нема јасни наводи кои укажуваат на незаконити дејствија на службеноте лице при вршење на службени должности.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 25.11.2025 година од страна на непознат подносител е доставена пријава со наводи за постоење судир на интереси во Државното музичко училиште - --- во врска со настап на ученици на концерти организирани во трговски центар за кој се тврди дека е во сопственост на блиски лица на професорката и раководителка на класата по пијано , ------.

Постапувајќи по наводите од пријавата, Комисијата изврши увид во јавно достапните информации, при што се констатира дека настапите на учениците се јавно објавени и промовирани од страна на училиштето. Дополнително, од увидот во Годишната програма за работа на училиштето за учебна 2024/2025 година произлегува дека училиштето предвидува активности за активно учество во културниот живот на локалната заедница, вклучително и организирање и учество на концерти и соработка со деловниот и невладиниот сектор.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во пријавата не се доставени докази кои би ја поткрепиле наводната поврзаност на трговскиот центар со пријавеното службено лице или со негови блиски лица, ниту се посочени околности кои упатуваат дека службеното лице имало влијание врз донесувањето на одлуката за учество на училиштето на посочените настани или дека од тие активности произлегува конкретна финансиска корист за него или за негови блиски лица. Со оглед на тоа што пријавата е поднесена анонимно, не беше возможно да се обезбедат дополнителни информации во однос на изнесените наводи.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата оцени дека во конкретниот случај не се утврдени околности кои упатуваат на постоење судир на интереси во смисла на членот 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси, поради што одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател,

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М – соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: С.С.М. – член на ДКСК